# ОПЕРАТИВНА ПРОГРАМА

## за вршење на оџачарска дејност
## за 2015 година

***Илинден, 2014 година***

*Јавно комунално претпријатие „Илинден" - Општина Илинден*

Врз основа на одредбите од чл.7 ст.3 од Законот за комунални дејности („Службен весник на РМ" 95/2012, 163/13 и 42/14), а во согласност со одредбите од член 74 од Законот за заштита и спасување („Службен весник на РМ" 36/04, 49/04, 86/08 и 124/10), одредбите од Правилникот за одржување во исправна состојба на оџаците, димоводните уреди, системите за воздух, системите за воздушно и водено греење, огништата-котли за парно греење во објекти, како и во индустриски и занаетчиски постројки и одредбите од Одлуката за комунален ред и мерки за нејзино спроведување на подрачјето Општина Илинден арх.бр.07-1891/4 од 30.06.2014 година (објавена во Службен гласник на Општина Илинден бр.6 од 03.07.2014 година), Јавното комунално претпријатие „Илинден" н.Илинден донесува

# ОПЕРАТИВНА ПРОГРАМА
## за вршење на оџачарска дејност за 2015 година

**I.<u>ВОВЕД</u>**

Јавното комунално претпријатие „Илинден" н.Илинден со изготвувањето и донесувањето на оваа програма има за цел да обезбеди подоследна и поуспешна имплементација на законската и подзаконската регулатива од ова област (пред се Законот за заштита и спасување и Правилникот за одржување во исправна состојба на оџаците, димоводните уреди, системите за воздух, системите за воздушно и водено греење, огништата-котли за парно греење во објекти, како и во индустриски и занаетчиски постројки), и обезбедување на услови за соодветен обем, квалитет, достапност, континуитет и надзор над вршењето на комуналната дејност за оџачарски работи како стопанска дејност за давање на комунални услуги за задоволување на потребите на физичките и правните лица.

II. **<u>ОПШТ ДЕЛ</u>**

Под вршење на оџачарските услуги се подразбира чистењето и контрола на уредите за спроведување на чад и опремата за ложење, за обезбедување на нормално функционирање на оџаците, димоводните уреди и огнишните објекти и за заштитан а имотот и животот на граѓаните од пожар.

Одржувањето во исправна состојба на оџаците, димоводните уреди, системите за воздух, системите за воздушно и водено греење, огништата-котли за парно греење во објектите се врши преку

- преглед на оџаците, димоводните уреди, системите за воздух, системите за воздушно и водено греење, огништата-котли за парно греење;
- чистење на оџаците, димоводните уреди, системите за воздух, системите за воздушно и водено греење, огништата-котли за парно греење;
- запалување на саѓите во оџаците и во димоводните уреди и
- превземање превентивни мерки за обезбедување на оџаците, димоводните уреди, системите за воздух, системите за воздушно и водено греење, огништата-котли за парно греење од пожар и нивно оспособување за нормално функционирање.

Прегледот на оџаците, димоводните уреди, системите за воздух, системите за воздушно и водено греење и огништата-котли за парно греење ќе се врши постојано, според укажаната потреба и по повик од корисникот на услугата. Прегледот ќе се извршува пред се на ѕиданите оџаци и вентилации и на нивните приклучоци, како и на другите димоводни уреди, системите за воздух, системите за воздушно и водено греење и огништата-котли за парно греење.

Чистењето на оџаците, димоводните уреди, системите за воздух, системите за воздушно и водено греење и на огништата-котли за парно греење ќе се врши според следнава динамика:

- еднаш месечно во сезоната за греење и еднаш вон сезоната за греење за органите на државната управа, единиците на локална самоуправа, трговските друштва, јавните претпријатија, установите и службите за заштита и спасување од пожари на луѓето;

- двапати во периодот во сезоната за греење и еднаш вон сезоната за греење на домаќинствата;

- еднаш годишно за вентилационите канали и отвори;

- еднаш годишно за резервни оџаци со приклучоци во зградите што користат парно, воздушно и водено централно греење;

- еднаш месечно во сезоната за греење и еднаш вон сезоната за греење за оџаците, димоводните уреди, системите за воздух, системите за воздушно и водено греење и огништата-котли за парно греење и

- еднаш месечно во текот на целата година за стружење и отстранување на технолошки наслаги во димоводните уреди над отворените ложишта за печење на месо и месни преработки на жар.

Ако при контролата на оџаците, димоводните уреди, системите за воздух, системите за воздушно и водено греење и огништата-котли за парно греење се утврди дека истите се неисправни, чистењето може да се извршува и надвор од оваа динамика.

Според гореутврдената динамика ќе се врши и чистењето по пат на запалување, при што при вршење на спалувањето ќе се превземат сите неопходни мерки за заштита од пожар и ќе се обезбедат соодветни апарати и уреди за гасење на пожар.

## III.ОПЕРАТИВЕН ДЕЛ

Јавното комунално претпријатие „Илинден" н.Илинден, како јавно претпријатие основано од Советот на Општина Илинден не кое му е доверено вршењето на комуналната дејност за вршење на оџачарски работи, како комунална дејност од индивидуална комунална потрушувачка, ќе ги превземе сите неопходни активности за оптимална организација и обезбедување на услови за успешно и доследно вршење на оваа дејност во рамките на законската регулатива, при што со предметната услуга ќе бидат опфатени сите делови и населени места од подрачјето на Општина Илинден, а димензионирањето на нивото на услугата и начинот на нејзино извршување ќе биде во склад и со почитување на урбаните, социјалните и културните навики на живеење на населението.

За функционалното извршување на комуналната услуга за вршење на оџачарските работи, Јавното комунално претпријатие „Илинден" н.Илинден ќе обезбеди соодветна кадровска екипираност и специјална опрема за овие намени, се со цел да се обезбедат неопходните услови и средства за вршење на работите за одгушување, спалување, чистење и контрола на сите видови оџаци, вентилации и камини, механичко чистење и спалување на сите типови котли за централно греење, контрола на исправноста на уредите за греење, хемиско чистење на уредите, штелување на горилниците, спалување на камини, оџаци, чунци и хауби од скара или фурни и проверка на оџаци и вентилациони канали и нивни приклучоци на новоизградени стамбени и стамбено деловни објекти пред нивното пуштање во употреба.

Сопствениците, односно корисниците на објекти кои ги користат уредите за спроведување на чад и опремата за ложење во текот на грејната сезона се должни да побараат оџачарска услуга кога уредите за спроведување на чад и опремата за ложење не можаат да ги доведат во исправна состојба самите.

Сопствениците и корисниците на индивидуалните објекти кои сами ги чистат и контролираат уредите за спроведување на чад и опремата за ложење, и корисниците на оџачарските услуги се должни да извршат чистење на оџаците најмалку двапати во периодот во сезоната за греење и еднаш вон сезоната за греење, доколку истите ги користат во грејната сезона. Чистењето на оџаците во текот на грејната сезона вообичаено се врши пред почетокот на грејната сезона (во месеците септември и окотомври) и во текот на грејната сезона (месеците јануари и февруари).

На барање на корисниците на услугите, Јавното комунално претпријатие „Илинден" н.Илинден како давател на услугата е должно да изврши чистење и контрола на уредите за спроведување на чад и на опремата за ложење. Станарите во објектите за колективно домување се должни на лицето кое врши оџачарски услуги непречено да му овозможат чистење на оџаците, ако за истото бидат писмено известени од страна на давателот на услугата и тоа во рок од најмалку 5 дена пред отпочнувањето на чистењето.

Давањето на комуналната услуга за вршење на оџачарски работи како индивидуална комунална потрошувачка со правните и физичките лица ќе се воспоставува врз основа на договори склучени меѓу давателот и корисниците на услугите на начин утврден согласно со закон.

За секоја извршена услуга ќе се издава Записник кој ќе се потпишува и заверува од двете страни (давателот и корисникот на услугата), во кој записник ќе се наведуваат и евентуалните можни недостатоци кои мора инто да се отстранат, како забелешки околу котлите, каналите и оџаците, а се однесуваат пред се за подобро функционирање на грејниот систем.

## IV. ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ЗА ВРШЕЊЕ НА РАБОТИТЕ

За успешното спроведување и реализација на предметнава програма и за успешно реализирање на активностите за вршењето на оџачарските работи, финансиските средства за финансирање и развој на оваа комунална дејност ќе се обезбедуваат од надоместокот (цената), а надоместокот за користењето на оваа комунална услуга од индивидуалната комунална потрошувачка ќе се пресметува во мерната единица - денари по м/ф.

Висината на цената за оџачарските услуги се утврдува со одлука на Советот на Општина Илинден, по предлог на давателот на услугата.

## V. НАДЗОР НАД ИЗВРШУВАЊЕТО НА ПРОГРАМАТА

Надзор над извршувањето на Програмата за вршење на оџачарска дејност за 2015 година врши надлежниот општински орган - Одделение за инспекциски надзор- Инспекторат.

Инспекциски надзор над извршувањето на Програмата за вршење на оџачарска дејност за 2015 година вршат општинските комунални инспектори.

***ЈКП „ИЛИНДЕН" н.Илинден***
***Директор***
***дипл.екк. Сашо Саздовски***